**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр. 03-214**
**16.06. 2023 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 53 став 2 од истиот Закон, точка 4 и 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2216/1 од 23.05.2023 година, а во согласност со Заклучокот арх.бр.02-2414/5 од 15.06.2023 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 19-та седница одржана на 15.06.2023 година, го донесе следното

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво (ТРД) АЛСАТ-М ДОО, Скопје, заради извршена повреда на член 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), на начин што во рамките на својот телевизиски програмски сервис, на 8-ми мај 2023 година, во репризното издание на информативната емисија „Pasqyra e shëndetit (Огледало на здравјето)", специјализирана емисија за здравство, емитуваше прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации за болницата „Свети вид".

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-2216/1 од 23.05.2023 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД АЛСАТ-М ДОО Скопје, веднаш по приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ.

3. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата врз основа на член 28 од ЗАВМУ е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда или прекршување на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Членот 53 став 2 од ЗАВМУ пропишува дека не се дозволени прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 23-ти мај 2023 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) врз телевизискиот програмски сервис на ТРД АЛСАТ-М ДОО Скопје, емитуван на 8-ми мај 2023 година, на државно ниво, при што констатираше прекршување на член 53 став 2 од ЗАВМУ (недозволени прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации). Имено, со надзорот е констатирано дека во репризното издание на информативната емисија „Pasqyra e shëndetit

(Огледало на здравјето)", тематски специјализирана емисија за здравство, преку разговор со Светозар Драгович – основач и директор на болнницата „Свети вид", како и преку прилози во кои пациентите кажуваат пофални зборови за лекарите и болницата, направена е комерцијална презентација на болницата, односно емисијата содржи прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации, детално наведени во точка 7, Констатации од надзорот, во делот - Искази за илустрација од Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-2216/1 од 23.05.2023 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД АЛСАТ-М ДОО Скопје на 29.05.2023 година, испрати допис – Доставување писмен извештај од надзор за појаснување арх.бр.10-2216/2 од 29.05.2023 година, со кој му го достави предметниот Писмен извештај, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Дописот беше уредно примен од страна на радиодифузерот, за што во предвидениот рок, на 31.05.2023 г., ТРД АЛСАТ-М ДОО Скопје достави писмено изјаснување за стореното прекршување на одредбите од Законот, наш арх.бр.10-2216/3 од 31.05.2023 г. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 15.06.2023 година, го разгледа предметниот Писмен извештај доставеното Писмено изјаснување и заклучи на ТРД АЛСАТ-М ДОО Скопје да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 53 став 2 од истиот Закон, точка 4 и 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-2216/1 од 23.05.2023 година, поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на 19-та седница одржана на 15.06.2023 година, согласно Заклучокот арх.бр.02-2414/5 од 15.06.2023 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД АЛСАТ-М ДОО Скопје и му се наложува веднаш по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ. Агенцијата ќе изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**

- Писмен извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-2216/1 од 23.05.2023 година.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседателот на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

- ТРД АЛСАТ-М ДОО Скопје;
- Управителот на ТРД АЛСАТ-М ДОО Скопје;
- Одговорното лице на програмата во ТРД АЛСАТ-М ДОО Скопје;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

23.05.2023
10 2216 1

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. Вид надзор: Редовен;
2. Субјект на надзорот: Трговско радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје;
3. Период опфатен со надзорот: 8 мај 2023 година;
4. Датум на извршување на надзорот: 23 мај 2023 година;
5. Предмет на надзорот:
   - Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
   - Правилник за заштита на малолетните лица („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);
   - Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);
   - Упатство за примена на одредбите за пласирање производи („Службен весник на Република Македонија" бр.201/14);
   - Правилник за спонзорство („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/15);
   - Правилник за нови рекламни техники („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/15);
   - Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
   - Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
   - Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);
   - Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (емитување игри на среќа) („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14).

6. Претходно изречена мерка: /

7. Констатации од надзорот:

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД АЛСАТ - М ДОО Скопје, емитуван на 8 мај 2023 година година, на државно ниво, констатирано е прекршување на член 53 став 2 (*недозволени прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации*) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во репризното издание на информативната емисија „Pasqyra e shëndetit (Огледало на здравјето)", тематски специјализирана емисија за здравство, преку разговор со Светозар Драгович – основач и директор на болницата „Свети вид", како и преку прилози во кои пациентите кажуваат пофални зборови за лекарите и болницата, направена е комерцијална презентација на болницата, односно емисијата содржи прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации.

8 мај 2023

| Наслов на емисијата | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| „Pasqyra e shëndetit (Огледало на здравјето)" (реприза) | 01:12:50 | 01:52:49 |

Искази за илустрација:

- Водителката – „Пред 25 години се основа специјалната болница „Свети вид". Во оваа болница сега веќе се вработени некои од најпознатите светски лекари и хирурзи, освојувачи на многу меѓународни награди. Токму оваа болница се занимава со некои од најкомпликуваните операции на очите, но не само тоа, во оваа болница може да најдете решение за секој проблем што може да го имате со очите."[1]

- Светозар Драгович – „Ние применуваме многу нови методи, односно сите најсовремени методи кои денес се користат во најдобрите светски болници, и морам да кажам дека „Свети вид" спаѓа во тој тип на болници..."[2]

- Водителката – „Специјалната болница „Свети вид" не туку така е рангирана на врвот на офтамолошките центри, и многу е позната не само во нашиот регион, туку и во светот, особено по добиените награди кои вашите хирурзи ги добиле."[3]

- Светозар Драгович – „Нашите пациенти ја имаат оваа привилегија да бидат оперирани од врвни хирурзи, само тие, нема учење, и нема некој да се учи на нив."[4]

[1] *Изворно, на албански јазик*: "25 vite më parë u themelua spitali specijal "Sveti vid". Në këtë spital tashmë janë të punësuar disa nga mjekët dhe kirurgët më të njohur botëror, fitues edhe të shumë çmimeve ndërkombëtare. Pikërisht ky spital merret me disa nga operacionet më të komplikuara të syve , por jo vetëm, në këtë spital mund të gjeni zgjidhje për çdo problem që mund të keni me sytë."

[2] *Изворно, на албански јазик*: "Ne kemi vendosur shumë metoda të reja, respektivisht të gjitha metodat më bashkëkohore që sot bëhen në spitalet më të mira botërore, e me duhet t'ju them se "Sveti vid" bënë pjesë në atë lloj spitalesh... ."

[3] *Изворно, на албански јазик*: "Spitali specjal "Sveti vid" jorastësisht është rënditur në kulmin e qendrave oftamologjike, është shumë e njohur jo vetëm në rajonin tonë, por edhe në botë, veçanërisht pas çmimeve që kanë marrë kirurgët tuaj."

- Водителката – „За да се уверат и нашите гледачи во вашиот квалитет, во квалитетот на болницата „Свети вид", сега ќе погледнеме еден прилог на една мајка од Чешка, која се обратила до болницата „Свети вид" за да го реши проблемот со високата диоптрија кој нејзиниот син го имал."[5]

- Рената Хавранова (мајка од Чешка) - „Дојдовме на време во „Свети вид", бидејќи слабиот вид не може да се излечи кај децата постари од 8-9 години. Среќна сум што го решивме на време проблемот. На сите родители им ја препорачувам оваа болница."[6]

8. Опис на прекршувањето:

Спротивно на член 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, телевизискиот програмски сервис на ТРД АЛСАТ - М ДОО Скопје, на 8 мај 2023 година, во репризното издание на информативната емисија „Pasqyra e shëndetit (Огледало на здравјето)", специјализирана емисија за здравство, емитуваше прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации за болницата „Свети вид".

9. Предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ - М ДОО Скопје, и согласно со точката 4 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, да му наложи веднаш по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор за почитувањето на член 53 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*

---

[4] *Изворно, на албански јазик*: "Ndërsa këtë privilegj te ne e kanë pacientët që t'i operojnë kirurgë kulmor, vetëm ata, nuk ka mësim, nuk ka dikush te mësohet ne ta."

[5] *Изворно, на албански јазик*: "Në mënyrë që edhe shikuesit tanë të binden në cilësin tuaj, në cilësin e spitalit "Sveti vid", tani do të shikojmë një kontribut të një nëne nga Çekija, e cila i është drejtuar spitalit "Sveti vid" në mënyrë që të zgjidhë problemin me dioptrinë e lartë që ka pasur pikërisht biri i saj."

[6] *Изворно, на албански јазик*: "Erdhëm në kohë në Sveti Vid sepse shikimi i dobët nuk shërohet tek fëmijët më të mëdhenj se 8-9 vjet. Jam e lumtur që zgjodha problemin me kohë. Unë ua rekomandoj të gjithë prindërve këtë spital. "